Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-407/3
22.12. 2022 год.-viti-year
СКОПЈЕ

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за Култура (Сл.весник на РСМ бр.31/98 и понатамошните измени и дополнувања), Управниот одбор на Националната Установа „Национален конзерваторски центар“ – Скопје, како второстепен орган по жалби, на седница одржана на ден 21.12.2022 година, постапувајќи по Жалбата на Жалителот Гоце Ефтимов од Скопје, ул.„Христо Смирненски“ бр. 41, Скопје, изјавена преку полномошник Адвокат Благој Петковски од Скопје, со седиште на бул.„Св. Кирил и Методиј“ бр. 48-1/4, Скопје, со ЕДБ 5080017507291, ЕМБС 7233914, со тел. 070 550 303, ел. санд. Advokatpetkovski и е маил: advokatpetkovski@legalvp.mk, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА жалабата на Жалителот Гоце Ефтимов од Скопје

СЕ ПОНИШТУВАОдлуката за избор на кандидат по Јавен оглас бр. 02/2022 за вработување на неопределено време, со бр. 04-351/21 на Комисијата за спроведување на постапката за вработување за работно место бр. 2 – Давател на услуга: КУЛ 03 04 Ѓ007, Друг соработник во ЗКН – Фотограф, Сектор за истражување и конзерваторско проектирање на недвижно културно наследство, ИНДОК – ЦЕНТАР, фотолабораторија, и предметот се враќа на повторно одлучување пред првостепениот надлежен орган.

## Образложение:

Управниот одбор на Националната Установа „Национален конзерваторски центар“ – Скопје, на седница одржана на ден 21.12.2022 година, постапувајќи по Жалбата на Жалителот Гоце Ефтимов од Скопје, изјавена преку полномошник Адвокат Благој Петковски од Скопје, ги разгледа Жалбените наводи на кандидатот Гоце Ефтимов од Скопје, како и изврши увид во предметот за избор на кандидат за вработување за работно место бр. 2 – Давател на услуга: КУЛ 03 04 Ѓ007, Друг соработник во ЗКН – Фотограф, Сектор за истражување и конзерваторскопроектирање на недвижно културно наследство, ИНДОК – ЦЕНТАР, фотолабораторија.

Од увидот во списите на предметот, УО констатираше дека, основани се жалбените наводи на Жалителот дека, во текот на постапката за избор на кандидат за работното место за кое е објавен Јавен оглас, постапено е спротивно на член 77 – ж став 2 од Законот за Култура, односно Одлуката за избор на кандидат по објавен Јавен оглас не е доставена до Жалителот лично, туку до него е доставено само Известување дека не е избран за вработување, односно кој кандидат е избран, со Допис бр. 04-354/24 од 12.12.2022 година и вратени му се документите од пријавувањето по Огласот.

Управниот одбор воедно, констатираше дека Одлуката за избор на кандидат по објавен Јавен оглас единствено е објавена на веб страницата на Установата, што не е доволно за исполнување на законскиот услов од член 77 – ж, став 2 од Законот за Култура на РСМ.

Исто така, од страна на УО, од увидот во Одлуката за избор на кандидат, е констатирано дека, Одлуката за избор на кандидат за работното место за кое е објавен јавниот оглас не е доволно образложена, па истата не дава доволно можност да се види кои се решителните факти и причини, заради кои е избран кандидатот за кого е донесена Одлуката за избор.

Управниот одбор ги ценеше жалбените наводи на Жалителот во однос на законитоста на постапката за избор на кандидат за работното место за кое е објавен Јавниот оглас, но ценеше дека истите се неосновани и не произлегуваат од доказите кои произлегуваат од списите на предметот и со кои располага Второстепениот орган

Управниот одбор е на мислење дека при повторното одлучување, потребно е, првостепениот орган, уште еднаш да ги преиспита сите документи од сите пријавени кандидати, во врска со изборот на најсоодветен кандидат за вработување на работното место за кого е објавен Јавниот оглас, да донесе нова, образложена Одлука за избор на кандидат, како и истата да ја достави до сите пријавени кандидати, согласно член 77 – ж, став 2 од Законот за Култура на РСМ, како и да ја објави на веб страницата на Установата и на Огласна табла на Установата, согласно истиот член.

Постапувајќи на тој начин, Управниот одбор смета дека би се донела законита одлука за избор на најсоодветен кандидат.

Имајќи ги во предвид сите погоре наведени околности, Управниот одбор одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука, незадоволната страна има право на Тужба во рок од 15 дена од денот на приемот на истата до Основниот граѓански суд Скопје.

Д-Н:- Жалителот, преку неговиот Полномошник
- Избраниот кандидат – Виктор Ирвин Иванов
- Кандидат Оливер Настески
- Архивата на Установата

Скопје, 22.12.2022 година

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА УПРАВЕН ОДБОР**

**МИРКА ИЛОСКА, с.р.**